# Службен гласник на Општина Делчево

## Број 12

## 26.05.2025 година

**Уредува**

**Излегува по потреба**

**Одделение за правни и општи работи**

**мај, 2025**

I

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) и член 42 став 1 алинеја 3 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр.15/2013, 2/2019 и 1/2021), Градоначалникот на Општина Делчево, на ден 26.05.2025 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на актите од 47. Седница**
**на Советот на Општина Делчево**

I

Да се објават во „Сл.гласник на Општина Делчево“, актите донесени на 47. Седница одржана на **22.05**. **2025** година:

1. Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.бр. 1 по барање на Нада Новачева;

2. Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект помошен објект згр.бр.4 по барање на Нада Новачева;

3. Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.бр. 7 по барање на Венко Синадинов;

4. Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект гаража згр.бр. 8 по барање на Венко Синадинов;

5. Одлука за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат –објект станбена куќа згр.бр. 1 по барање на Игорчо Митевски;

6. Одлука за определување крајбрежен појас на регулирани водотеци во опфат на Генерален урбанистички план (ГУП) Делчево, Општина Делчево.

7. Програма за дополнување на Годишната програма на Локалниот младински совет на Општина Делчево за 2025 г.

8. Заклучок за неусвојување на Квартален извештај за извршување на Буџетот за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025 година;

9. Одлука за неусвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година;

II

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Сл.гласник на Општина Делчево“.

**Број 08- 1249/1**
**26.05. 2025 год.**
**Делчево**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник,**
**Горан Трајковски**

1. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 47 Седница, одржана на ден 22.05.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 1** –по барање на **Нада Новчева**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-408** од **28.12.2018** година, од страна на **Нада Новчева од с.Град – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1,** изграден на **КП бр**.**6612 КО Град,** запишан во Имотен лист бр. **1159** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1230/1**
**22. 05. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

2. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ“ број 56/11, 162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ“ 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 47 Седница, одржана на ден 22.05.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект помошен објект згр. бр. 4** –по барање на **Нада Новчева**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект број **УП I бр. 12-408** од **28.12.2018** година, од страна на **Нада Новчева од с.Град – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект помошен објект –** означен во елаборат како зграда бр. **4,** изграден на **КП бр**.**6612 КО Град** запишан во Имотен лист бр. **1159** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1231/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.05. 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

3. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник на РМ" 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 47 Седница, одржана на ден 22.05. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за бесправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 7** –по барање на **Венко Синадинов**

**Член 1**

Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект, број **УП I бр. 12-449** од **31.12.2018** година, од страна на **Венко Синадинов од с.Град – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **7,** изграден на **КП бр.6524/1 КО Град,** запишан во Имотен лист бр. **117** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**

Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево".

**Број 09-1232/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22. 05 2025 година** **Претседател,**
**Делчево** **Гоце Попов**

4. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ" број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл. весник на РМ" број 56/11,162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл.весник на РМ" 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15 ,31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 47 Седница, одржана на ден 22.05. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за беспправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект гаража згр. бр. 8** –по барање на **Венко Синадинов**

**Член 1**
Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект, број **УП I бр. 12-449** од **31.12.2018** година, од страна на **Венко Синадинов од с.Град – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект гаража –** означен во елаборат како зграда бр. **8,** изграден на **КП бр**.**6524/1 КО Град** запишан во Имотен лист бр. **117** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**
Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1233/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22. 05 2025 година** — **Претседател,**
**Делчево** — **Гоце Попов**

5. Врз основа на член 50 точка 6 и член 62 точка 1 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ број 5/02) и член 2 од Правилникот за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Сл.весник на РМ“ број 56/11, 162/12), како и Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Сл. весник 23/11, 54/11, 155/12, 56/13, 72/13, 44/14 115/14, 99/14, 124/15, 129/15, 217/15, 31/16 и 190/17), Советот на Општина Делчево на својата 47 Седница, одржана на ден 22.05.2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за утврдување на потребата од донесување на Урбанистичко планска документација за беспправно изграден објект надвор од плански опфат**
**Објект станбена куќа згр. бр. 1** –по барање на **Игорчо Митевски**

**Член 1**
Се утврдува потреба од донесување на Урбанистичко планска документација со која ќе се изврши проширување на планскиот опфат и вклопување на бесправните објекти, а во врска со поднесеното Барање за утврдување правен статус на бесправен објект, број **УП I бр. 12-315** од **06.12.2018** година, од страна на **Игорчо Митевски од с.Стамер – Делчево** за бесправно изграден објект, **Објект станбена куќа –** означен во елаборат како зграда бр. **1,** изграден на **КП бр**.**1226 КО Стамер** запишан во Имотен лист бр. **899** и бесправен објект кој е надвор од урбанистички плански опфат.

**Член 2**
Со цел вклопување на бесправно изградениот објект од член 1, ќе се изработи и донесе урбанистичко планска документација согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање.

**Член 3**
Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Број 09-1234/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22.05. 2025 година** — **Претседател,**

**Делчево** **Гоце Попов**

6. Врз основа на член 131 став 2 точка 3 од („Сл.весник на РМ“ број 87/08, 6/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и („Сл.весник на РСМ“ број 151/21) и член 50 од Законот за локална самоуправа, Советот на Општина Делчево на својата 47 Седница, одржана на ден 22.05. 2025 година донесе

**ОДЛУКА**
**за определување крајбрежен појас на регулирани водотеци во опфат на Генерален урбанистички план (ГУП) Делчево, Општина Делчево**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува ширината на крајбрежниот појас на регулирани водотеци низ урбанистичкиот дел на градот опфатен со ГУП Делчево, Општина Делчево од стационажи дефинирани со координати, до стационажи дефинирани со координати, заради заштита и одржување на приодните и уредените речни корита.

| Точка | X | Y |
|---|---|---|
| 0 | 7646442.241 | 4649278.331 |
| 1 | 7646715.504 | 4649433.727 |
| 2 | 7647515.093 | 4650781.316 |
| 3 | 7646604.836 | 4649402.094 |
| 4 | 7647366.581 | 4649078.681 |
| 5 | 7647654.787 | 4649416.981 |
| 6 | 7647386.339 | 4648327.259 |
| 7 | 7647943.34 | 4648438.598 |
| 8 | 7648435.1 | 4648905.574 |
| 9 | 7648462.124 | 4647320.747 |
| 10 | 7649012.736 | 4648013.842 |
| 11 | 7646141.356 | 4649092.934 |
| 12 | 7646036.876 | 4648487.548 |
| 13 | 7646611.959 | 4649097.362 |
| 14 | 7646302.979 | 4648299.476 |
| 15 | 7646876.615 | 4648835.03 |
| 16 | 7646768.255 | 4648728.177 |
| 17 | 7646648.457 | 4648132.017 |
| 18 | 7647162.692 | 4648546.237 |
| 19 | 7646859.616 | 4647937.713 |
| 20 | 7647221.34 | 4648467.761 |
| 21 | 7647195.115 | 4648343.361 |
| 22 | 7646948.042 | 4647490.211 |
| 23 | 7647542.16 | 4648132.311 |
| 24 | 7647312.469 | 4647738.929 |
| 25 | 7647051.245 | 4647460.854 |
| 26 | 7647223.003 | 4647342.573 |
| 27 | 7647735.542 | 4647913.703 |
| 28 | 7647633.253 | 4647887.592 |
| 29 | 7647492.318 | 4647627.921 |
| 30 | 7647828.364 | 4647883.201 |
| 31 | 7647742.024 | 4647641.61 |
| 32 | 7647617.467 | 4647568.215 |
| 33 | 7647765.003 | 4647460.883 |
| 34 | 7648071.424 | 4647519.8 |
| 35 | 7647884.088 | 4647300.552 |

| СТАЦИОНАЖИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ознаки** | Точка | Стационажа | Точка | Стационажа |
| Басарица | 0 | 0+000.00 | 1 | 0+321.62 |
| Басарица | 1 | 0+000.00 | 2 | 1+690.31 |
| Фротирка | 3 | -0+400.00 | 4 | 0+665.79 |
| Фротирка | 4 | 0+000.00 | 5 | 0+456.97 |
| Габровска | 6 | -0+075.00 | 7 | 0+509.73 |
| Габровска | 7 | 0+000.00 | 8 | 0+681.05 |
| Ѕвегорска | 9 | -0+010.00 | 10 | 0+931.63 |
| Витковечки | 11 | 0+000.00 | 12 | 0+647.33 |
| Кашмерски | 13 | 0+000.00 | 14 | 0+915.48 |
| Порој 1 | 15 | 0+000.00 | 16 | 0+159.89 |
| Порој 1 | 16 | 0+159.89 | 17 | 0+816.80 |
| Порој 2 | 18 | -0+020.00 | 19 | 0+723.34 |
| Порој 3 | 20 | 0+000.00 | 21 | 0+000.00 |
| Порој 3 | 21 | 0+000.00 | 22 | 0+920.47 |
| Порој 4 | 23 | 0+000.00 | 24 | 0+480.35 |
| Порој 4 | 24 | 0+000.00 | 25 | 0+420.95 |
| Порој 4 | 24 | 0+000.00 | 26 | 0+435.40 |
| Порој 5 | 27 | 0+000.00 | 28 | 0+119.93 |
| Порој 5 | 28 | 0+000.00 | 29 | 0+310.40 |
| Порој 6 | 30 | -0+005.00 | 32 | 0+419.35 |
| Порој 6 | 31 | 0+000.00 | 33 | 0+186.22 |
| Деспотов дол | 34 | 0+000.00 | 35 | 0+325.12 |

**Член 2**

Ширината на крајбрежниот појас на регулирани водотеци низ урбаниот дел од градот опфатени со ГУП Делчево, Општина Делчево од стационажи до стационажи од крајната линија на регулациите на коритата ќе изнесува најмалку 3,00 метри лево и 3,00 метри десно.

**Член 3**

Составен дел на оваа Одлука е Хидрауличката студија за уредување, заштита и подобрување на режимот на водите и заштита на урбаното подрачје од надворешни води за ГУП на град Делчево тех.бр. ДЕ-II-829/24.

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со денот на објавување во слбен гласник на општина Делчево, а по претходно добиена согласност од Министерство за животна средина и просторно планирање.

**Број 09-1235/1**
**22. 05. 2025 година**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател,**
**Гоце Попов**

7. Врз основа на член 22, став 1, точка 13 и член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002), член 22 став 1 точка 46 од Статутот на Општина Делчево („Сл.гласник на Општина Делчево“ бр. 15/2013, 2/2019 и 1/21), а согласно со Законот за младинско учество и младински политики („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 10/2020), Советот на Општина Делчево на својата 47. Седница, одржана на ден 22.05.2025 година, ја донесе следната

**ПРОГРАМА ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА ПРОГРАМА НА ЛОКАЛЕН МЛАДИНСКИ СОВЕТ (ЛМС) НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО 2025 ГОДИНА**

I. Во Годишна програма на Локалниот младински совет на Општина Делчево 2025 година (Службен гласник на Општина Делчево“ бр.3/2025), во точката за Распоредување буџетски средства, по алинеја 1 се додаваат алинеја 2, 3 и 4 кои гласат:

Исплатата на средствата за активностите предвидени во оваа Програма ќе се врши на начин што претседателот на Локалниот младински совет на Општина Делчево за реализација на секоја поединечна активност ќе донесе Одлука во која ќе биде наведена активноста од Програмата која треба да се реализира, средствата кои се потребни за реализција и начинот на исплата.

Врз основа на Програмата и Одлуката од алинеја 2, претседателот на Локалниот младински совет на Општина Делчево до Градоначалникот на Општина Делчево поднесува Барање за исплата средства од Буџетот на Општината кои се предвидени за млади. Во Барањето ќе се наведе активноста која треба да се реализира, износот на средствата и начинот на исплата.

Градоначалникот на Општина Делчево врз основа на Барањето од претседателот на Локалниот младински совет, а согласно со Програмата донесува Решение за исплата на парични средства за реализација на активностите на Локалниот младински совет Делчево.

II. Оваа Програма за дополнување на Годишната програма на Локалниот младински совет на Општина Делчево 2025 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Делчево“.

**Бр. 09 – 1236/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22. 05. 2025 година** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

8. Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на РСМ“ бр. 202/24), Советот на Општина Делчево, на својата 47 Седница, одржана на ден 22.05.2025 година, донесе

**ЗАКЛУЧОК**
**за НЕУСВОЈУВАЊЕ на Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за периодот 01.01.2025 до 31.03.2025**

1. НЕ се усвојува Кварталниот извештај за извршувањето на Буџетот на Општина Делчево за периодот од 01.01.2025 до 31.03.2025.

2. Заклучокот за неусвојување влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево”.

**Бр. 09- 1237/1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**22. 05. 2025** **Претседател**
**Делчево** **Гоце Попов**

9. Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ” бр.5/2002 и „Сл.весник на Република Северна Македонија“ бр. 202/24), Советот на Општина Делчево, на својата 47 Седница, одржана на ден 22.05.2025 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за НЕУСВОЈУВАЊЕ на Измените и дополнувањата**
**на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година**

1. Не се усвојуваат Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Делчево за 2025 година.
2. Заклучокот влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл. гласник на Општина Делчево”.

**Бр. 09-1238/1**
**22.05. 2025**
**Делчево**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Претседател**
**Гоце Попов**